Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а согласно член 12 од Договорот за јавна набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и Заклучокот на Агенцијата бр.02-2943/4 од 30.05.2014 година, донесен на 33-та седница одржана на 30.05.2014 година, со кој е усвоена Информацијата во врска со даденото мислење од секторот за Истражување и долгорочен развој за предвремено раскинување на Договорот за јавна набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Да се раскине Договорот за јавна набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), склучен меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за извршување на услугата – Печатарски услуги со фотокопирање, поради непридржување кон одредбите од склучениот Договор за јавна набавка, од страна на договорната страна Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, односно поради неквалитетно и ненавремено извршување на договорните обврски.

2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услиги како Набавувач, на Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, како Носител на набавката, ќе му достави изјава за еднострано раскинување на Договорот за јавната набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), со кој ќе се изврши предвременото раскинување на договорот наведено во точка 1 од оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за предметот на јавна набавка, извршување на услугата - Печатарски услуги со фотокопирање, склучи Договор за јавна набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), со Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, како Носител на набавката, чија важност истекува на ден 23.07.2014 година.

Со потпишувањето на погоренаведениот Договор, „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје како носител на набавката се обврза дека услугата за која е ангажиран, ќе ја извршува стручно и совесно, во роковите утврдени во член 4 од истиот Договор. Меѓутоа во изминатиот период во неколку наврати погоренаведениот носител на набавката не ги почитуваше роковите за извршување на предметната услуга и услугата беше извршена неквалитетно, на несоодветен начин, за што Агенцијата како Набавувач повеќе пати реагираше по телефон, достави и дописи во кои беше укажано дека не се придржува кон договорните обврски за квалитетно и навремено извршување на услугата, предвидени во склучениот Договор за јавна набавка, и дека истото може да резултира со раскинување на договорот од страна на Агенцијата, и тоа: Предупредување бр.03-4499/1 од 14.11.2013 година, и Известување бр.03-1836/1 од 27.03.2014 година.

Со оглед на тоа дека и покрај доставените погоренаведени дописи во смисла на предупредувања и известувања, „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, продолжи со несовесно, неквалитетно и ненавремено извршување на услугата, од Секторот за истражување и долгорочен развој, кој е надлежен за оваа конкретна јавна набавка, на ден 22.05.2014 година, беше дадено мислење за потребата од предвремено раскинување на Договорот за јавна набавка бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), склучен со „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Поради несовесното, неквалитетното и ненавременото извршување на услугата од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, а со оглед на тоа дека во периодот што претстои за потребите на Агенцијата, ќе треба да се печатат нови дозволи, да се укоричуваат службени весници, да се печатат визит карти за вработените, и други потреби, неопходно е да се изврши предвремено раскинување на Договорот за јавна набавка бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), склучен со „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Со оглед на напред наведеното, а согласно член 113 од Законот за облигациони односи, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да го раскине договорот со изјава за негово еднострано раскинување, со што престануваат сите права и обврски кои произлегуваат од тој Договор, а Агенцијата како Набавувач нема никакви финансиски обврски кон „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, како Носител на набавката.

Следствено на тоа, а врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а согласно член 12 од Договорот за јавна набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги „ГРАФОСЕТ ДИЗАЈН И ПРИНТ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и Заклучокот на Агенцијата бр.02-2943/4 од 30.05.2014 година, донесен на 33-та седница одржана на 30.05.2014 година, со кој е усвоена Информацијата во врска со даденото мислење од секторот за Истражување и долгорочен развој за предвремено раскинување на Договорот за јавна набавка, бр.03-3307/1 од 23.07.2013 година (бр.014/2013 од 23.07.2013 година), се донесе Одлука како во диспозитивот на истата, која влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Бр. 02-3018/1**

**30.05 2014 година**
**Скопје**
**Доставено до:**
- Комисијата за јавни набавки;
- Секретаријатот - Архивата на Агенцијата;